**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-2282/45
Скопје, 8 мај 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

**СКОПЈЕ**

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 мај 2020 година**

**„ТОЧКА 3:** Записник од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 8 мај 2020 година

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 8 мај 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Почнувајќи од 9 мај 2020 година (сабота):

1.1. Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.
1.2. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, во временски период од 12.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.
1.3. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, во временски период од 19.00 часот до 13.00 часот наредниот ден.
1.4. Да се забрани движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.
1.5. Да се забрани пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

Согласно ова, Владата донесе:

1) Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

2) Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (инкорпорирана во точка 13 од Дневниот ред на оваа седница на Владата).

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, веднаш да го испита случајот со одржувањето на верскиот настан во текот на вчерашниот ден во Струга, како и прославата организирана од Министерството за внатрешни работи по повод одбележувањето на Денот на полицијата на Република Северна Македонија, кои претставуваат сериозно непочитување и прекршување на воведените забрани со одлуките, мерките и препораките донесени од страна на Владата, да утврди одговорност и да се преземат соодветни мерки кон одговорните лица и за истото да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

3. Владата го осуди вербалниот напад врз новинарот на ТВ Клан на настанот со кој се одбележи Денот на полицијата и побара да се поведе постапка за утврдување одговорност за ваквото однесување и да се санкционираат сторителите.“

**ПРИЛОГ 1:-Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
**-сите државни институции**
**-Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
**-Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
**-стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 8 мај 2020 година

Архивски број: 08-780/45

44 2282 45

**З А П И С Н И К**

**од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 8 мај 2020 година**

На 8 мај 2020 година (петок), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеа раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и заменикот на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Бљерим Коџаљи, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

На денешниот состанок на Главниот координативен кризен штаб преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и членовите на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

План за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на епидемијата со Коронавирусот, со Презентација на Комисијата за заразни болести за COVID-19 во Република Северна Македонија во 2020 година, заклучно со 5.05.2020 година

**Точка 2:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 3:**

Прашања и предлози

*

*        *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

По однос на точката 1 од Дневниот ред, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче информираше дека Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, го достави за разгледување Планот за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на епидемијата со Коронавирусот, со Презентација на Комисијата за заразни болести за COVID-19 во Република Северна Македонија во 2020 година, заклучно со 5.05.2020 година кој по согледување на сите аспекти, критериуми и предлози добиени од сите надлежни институции во истиот се утврдени следните мерки и активности.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Д-р Жарко Караџовски, заедно со членовите на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство детално ги објасни и презентираше состојбите со COVID-19 во Република Северна Македонија, заклучно со 5.05.2020 година кои преку графички прикази се наведени во доставената Презентација.

*

* *

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, како и за состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата, која ја оценува како стабилна, а тековно се следат состојбите низ здравствените установи во Република Северна Македонија.

Воедно, министерот за здравство, доц.д-р Венко Филипче, укажа на членовите на Главниот координативен кризен штаб дека одржувањето на верскиот настан организиран во текот на вчерашниот ден во Струга, како и прославата организирана од Министерството за внатрешни работи по повод одбележувањето на Денот на полицијата на Република Северна Македонија, претставуваат сериозно непочитување на здравствените работници и прекршување на воведените забрани со одлуките, мерките и препораките донесени од страна на Владата и побара одговорност од надлежните институции.

Притоа, тој информираше дека на предлог на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и следејќи ги тековите и состојбите со Коронавирусот во Република Северна Македонија, на наредната седница на Владата на Реппублика Северна Македонија да се разгледа предлогот за изменување на временскиот период за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, за време на викендите, односно забраната за движење да започнува од 19.00 часот, до 5.00 часот наредниот ден, исто како за време на работните денови.

*

* *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на точка 1 од Дневниот ред, **Главниот координативен кризен штаб, го усвои следниов заклучок:**

1. **Планот за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на епидемијата со Коронавирусот, со Презентацијата подготвена од Комисијата за заразни болести за COVID-19 во Република Северна Македонија во 2020 година, заклучно со 5.05.2020 година да се разгледа на наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб, што ќе се одржи утре, 9 мај 2020 година (сабота).**

*

* *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на точка 2 од Дневниот ред, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **На наредната седница на Владата на Република Северна Македонија да се разгледа предлогот за изменување на временскиот период за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, за време на викендите, односно забраната за движење да започнува од 19.00 часот, до 5.00 часот наредниот ден, исто како за време на работните денови.**

2. **Министерството за надворешни работи, врз основа на добиениот одговор од Министерството за здравство по оценетата медицинска документација (за лицата Емине Сулејмани и Садере Бајрами), да достави одговор до Амбасадата на Република Косово во Република Северна Македонија во врска со предметното Барање.**

3. **Министерството за внатрешни работи, веднаш да го испита случајот со одржувањето на верскиот настан во текот на вчерашниот ден во Струга, како и прославата организирана од Министерството за внатрешни работи по повод одбележувањето на Денот на полицијата на Република Северна Македонија, кои претставуваат сериозно непочитување и прекршување на воведените забрани со одлуките, мерките и препораките донесени од страна на Владата, да утврди одговорност и за истото да ја информира Владата на Република Северна Македонија и Главниот координативен кризен штаб.**

4. **Министерството за внатрешни работи, веднаш да го проследи до Министерството за надворешни работи, Барањето добиено од Амбасадата на Соединетите Американски Држави за излез од територијата на Република Северна Македонија и влез на територијата на Република Косово (до воената база Бонстил и потоа влез во Република Северна Македонија без спроведување во државен карантин), со цел разгледување на истото и доколку се оцени за оправдано да ја информира Амбасадата на Соединетите Американски Држави за начинот и условите под кои ќе се/или нема да се реализира истото.**

5. **Министерството за внатрешни работи, за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија да достави предлог – уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредната состојба, во насока важноста на пасошот чиј рок е истечен да продолжи и по завршување на вонредната состојба, односно до 31 јули 2020 година.**

6. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во период од 7.00 часот на 7.5.2020 година, до 7.00 часот на 8.5.2020 година, со Збирна табела на констатирани прекршоци, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

7. Главниот координативен кризен штаб се инфрмираше со Дневниот извештај за извршени надзори (за 6 мај 2020 година), доставен од Државниот инспекторат за труд.

8. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај доставен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 7 мај 2020 година.

9. Главниот координативен кризен штаб се информираше со извештаите за спроведени инспекциски надзори, доставени од Државниот пазарен инспекторат, за 6 и 7 мај 2020 година.

10. Го разгледа дополнувањето на Барањето за посебна дозвола за престој на странски државјанин, доставено од ДПТУ Кожувчанка ДОО, Кавадарци, под бр. 03-146/1 од 6.5.2020 година, го одобри истото, односно странскиот државјанин да влезе на територијата на Република Северна Македонија без спроведување во државен карантин, под услов задолжително да се спроведе и да го почитува Протоколот на Министерството за здравство за влез на странски државјанин на територијата на Република Северна Македонија за време на извршување на работата и по извршувањето на работните активности лицето да биде во домашна самоизолација.

11. Го разгледа Барањето за давање согласност, доставено од ДТПУ Пекабеско АД, Кадино, Илинден, под бр.0302-1016 од 6.5.2020 година, го одобри истото, односно странските државјани да влезат на територијата на Република Северна Македонија без спроведување во државен карантин, под услов задолжително да се спроведе и да го почитуваат Протоколот на Министерството за здравство за влез на странски државјани на територијата на Република Северна Македонија за време на извршување на работата и по извршувањето на работните активности овие лица да бидат во домашна самоизолација.

12. Го разгледа и не го одобри Барањето за спроведување во домашна самоизолација на лица кои патуваат од странство, доставено од Зелиа Хани, во својство на сродно лице на Џемиле Хани, Нухи Хани и Мендиха Истрефи, односно овие лица по завршување на погребот на Илми Хани да бидат спроведени во задолжителен државен карантин или веднаш да ги напуштат границите на Република Северна Македонија.
Овие лица од моментот на пристигнувањето на територијата на Република Северна Македонија, за време на погребот, по завршувањето на погребот и спроведувањето до објектот во кој ќе бидат во државен карантин, или до напуштање на границите на Република Северна Македонија, да бидат под постојана полициска придружба.

13. Го разгледа и не го одобри Барањето за спроведување во домашна самоизолација на лицата Нади Скендери и Лирим Скендери, односно овие лица по завршување на погребот на нивниот татко да бидат спроведени во задолжителен државен карантин се до нивното напуштање на границите на Република Северна Македонија.
Овие лица од моментот на пристигнувањето на територијата на Република Северна Македонија, за време на погребот, по завршувањето на погребот и спроведувањето до објектот во кој ќе бидат во државен карантин, па потоа и до напуштање на границите на Република Северна Македонија, да бидат под постојана полициска придружба.

14. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Зоран Пановски, медицински техничар во ЈЗУ Општа болница Велес и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел доставување на одговор по предметното Барање.

15. Ги разгледа предлозите и барањата на Националната федерација на фармери за поддршка на жените од руралните средини и индивидуалните регистрирани земјоделци во услови на вонредна состојба во Република Северна Македонија предизвикана од Коронавирусот, доставено преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, под бр. 08-931/2 од 7.5.2020 година и истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика, со цел доставување на одговор по истите.

16. Го разгледа и го одобри барањето доставено преку електронска пошта од Наташа Манчева, за издавање дозвола за патување во странство за болничко лекување за неа и нејзиниот сопруг Илија Манчев (во Софија, Република Бугарија), односно Министерството за надворешни работи веднаш да обезбеди непречен транзит за лицата.

17. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Одговорот по заклучокот од точка 9 од Записникот од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, доставен од Министерството за образование и наука, под бр. 12-4866/1 од 6.5.2020 година и истиот го проследи на запознавање и понатамошно постапување до ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

**18. Го разгледа Известувањето доставено од Казино „Фламинго“ хотел Ѓевгелија, Казино „Принцес“ Гевгелија и Казино „Аполониа“ Гевгелија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, Министерството за економија и Министерството за финансии.**

**19. Го разгледа Барањето за укинување на Одлуката за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/2020), како и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/2020), доставено од Стопанската комора на Македонија, под бр.35-575/1 од 5.5.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за економија.**

**20. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Министерството за труд и социјална политика, под бр.02-3233/1 од 8.5.2020 година и истото го проследи на понатамошно постапување до Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и ЈП Комунална хигиена – Скопје, со цел да се одржи координативна средба и да се утврди начин и можности за реализирање на предметното Барање.**

**21. Го разгледа и го одобри Барањето доставено преку електронска пошта за дозвола за движење до Тирана, Република Албанија, односно Министерството за надворешни работи веднаш да обезбеди непречен транзит на лицето Леонора Вељи до аеродромот во Тирана, заради авионскиот лет до Милано, Република Италија.**

22. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со барањата доставени преку Исламската верска заедница и истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување на одговор до Главниот координативен кризен штаб по истите.**

*

*  *

**<u>По однос на точката 3 од Дневниот ред,</u>** немаше прашања, ниту предлози.

*

*  *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*  *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

| | |
|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **Оливер Спасовски** | **м-р Радмила Шекеринска Јанковска** |


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS